

# ИЗДРШКА ЗА ДЕЦАТА

## ПРИЧИНИ ШТО ВЛИЈААТ ВРЗ ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИЗДРШКАТА

*Еден од главните проблеми со кои се соочуваат жените по разводот/разделбата со партнерот е решавање на прашањето за издршка за децата. Практиката покажува дека дури и судски определена издршка не значи и решавање на проблемот, пред сè поради ниско утврдениот износ на издршката со неможност да се оствари нејзината основна цел која се состои во задоволување на основните егзистенцијални потреби на децата.*

2021, Здружение ЕСЕ

# ЗА
овaa анализа...

Тргнувајќи од потребата за утврдување и идентификување на причините што влијаат врз определувањето на издршката за децата, појдовна основа во истражувањето на овој проблем е прибирањето на податоци по веќе утврдените законски критериуми применети во судската практика при определување на издршката, а како што се, од една страна, приходите кај поранешните партнери по основ на работен однос, дополнителни приходи, имотни права и обврска за издржување на родители и деца од други вонбрачни/брачни заедници со податоци за потребите на децата, од друга страна.



Истражувањето опфати 17 жени по случаен избор, кои во текот на 2020 година од Центарот за правна помош на ЕСЕ побарале правна поддршка за решавање на проблемот со издршка за нивните малолетни деца по разделбата со поранешниот брачен / вонбрачен партнер. Прашалникот е составен од група прашања кои се однесуваат на податоци за поранешните брачни / вонбрачни партнери и нивните финансиски можности, бројот и возраста на децата и нивните потреби со трошоци, како и податоци за материјалните услови за живот пред и по разводот/разделбата. Оваа анализа има за цел да го измери задоволството и ефикасноста на судската заштита во решавање на проблемот со издршка, со посебен акцент на утврдување на фактите што влијаат врз така определениот износ во судската одлука и утврдување на причините што влијаат врз редовноста на обврската за давање издршка.




## ПОДАТОЦИ ЗА ПОРАНЕШНИТЕ ПАРТНЕРИ

Со истражувањето се добиени податоци во однос на возраста, етничката припадност и степенот на образование за поранешните брачни/вонбрачни партнери според кои утврдивме дека поранешните партнери се речиси приближно на иста возраст, припаѓаат на иста националност, со исклучок кај една од анкетираните жени која е припадничка на друга националност, а поранешниот партнери припаѓа на српската националност. Во однос на степенот на образование и кај двајцата поранешните брачни/вонбрачни партнери, повеќето имаат завршено средно образование, додека значително помалубројни се со друг степен на образование, што укажува дека поранешните брачни/вонбрачни партнери имаат еднакви можности при решавање на прашањето за вработување.

**За издавачот:**
**Јасминка Фришчиќ**

**Автори:**
**Делфина Тодоровска,** асистент за обезбедување на правна и психолошка помош

**Консултант и уредник:**
**Деби Будлендер**

**Оваа анализа ја подготви и издаде:**
**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ**
ул. Максим Горки 20/1-4, 1000 Скопје
Tel: +389 (0) 2 3298 295; 3298 296
**www.esem.org.mk**

# ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТЕН СТАТУС ПРЕД И ПО РАЗДЕЛБАТА НА ПАРТНЕРИТЕ

Со истражувањето прибравме податоци и во однос на работниот статус на поранешните партнери со цел да се утврдат можностите кај двајцата партнери во обезбедувањето средства за издржување на децата. Според добиениот збирен податок за работниот статус пред разделбата на партнерите прикажан во табела 1, можеме да заклучиме дека невработеноста е поголема кај жените, и тоа кај вкупно 7 од нив, отколку кај нивните партнери, од кои само двајца се невработени.

| | ПРЕД РАЗВОД/РАЗДЕЛБА | | | ПО РАЗВОД/РАЗДЕЛБА | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вработена | Неплатен семеен работник | Невработена | Вработена | Не знам | Невработена | |
| Поранешна сопруга/партнерка | 9 | 1 | 7 | 10 | / | 7 | 11 |
| Поранешен сопруг/партнер | 14 | 1 | 2 | 15 | 1 | 1 | 17 |

*ТАБЕЛА 1. Работен статус на поранешните брачни/вонбрачни партнери пред разводот/разделбата*

По разводот, состојбата на работниот статус е речиси непроменета и кај двајцата партнери со единствена промена кај само една од анкетираните жени од неплатен семеен работник во вработена, додека работниот статус е непознат за еден од поранешните партнери. Генералниот заклучок е дека е застапена голема невработеност кај анкетираните жени, како пред така и по разделбата.

| ИЗНОС НА ЛИЧЕН НЕТО-ПРИХОД | ПОРАНЕШНА СОПРУГА / ПАРТНЕРКА | ПОРАНЕШЕН СОПРУГ / ПАРТНЕР |
|---|---|---|
| Од 7 501 до 15 000 | 6 | 1 |
| Од 15 001 до 30 000 | 3 | 4 |
| Од 30 001 до 45 000 | 1 | 2 |
| 45 001 до 60 000 | / | 1 |
| Повеќе од 60 001 | / | 2 |
| Без лични приходи | 7 | 1 |
| Не знам | / | 6 |
| ВКУПНО | 17 | 17 |

*ТАБЕЛА 2. Висина на лични нето-приходи пред разводот / разделбата*

Врз основа на добиените податоци за висината на личните приходи прикажани во ***Табела 2,*** можеме да утврдиме дека најголемиот број од анкетираните жени се без лични нето-приходи, односно вкупно 7, додека од оние што имаат лични приходи, најбројни се оние што имаат личен приход во категоријата од 7 501 до 15 000 мкд, додека за најголем број од поранешните партнери, односно за 6 од нив, личните приходи се непознати, само еден е без лични приходи, додека преостанатите имаат лични приходи со износи од сите наведени категории. Споредувајќи ги добиените податоци, исклучувајќи ги жените што немаат лични приходи, како и партнерите за кои е непознат овој податок, можеме да заклучиме дека анкетираните жени имаат помали лични приходи за разлика од поранешните партнери.

| СОЦИЈАЛНИ ПРАВА НА СЕМЕЈСТВОТО | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Користено право пред разводот / разделбата | 0 | 17 |
| Поднесено барање по разводот / разделбата | 3 | 14 |
| Одобрено барање | 2 | 1 |
| Одбиено барање | 1 | 2 |

*ТАБЕЛА 3. Права од социјална заштита пред и по разделбата*

Од прикажаните податоци за остварени права од социјална заштита пред и по разделбата, а прикажани во *Табела 3*, вакво право не користеле ниту едно семејство на анкетираните пред разделбата, додека по разделбата потреба од социјална помош имале семејствата кај три од анкетираните жени, а од поднесените барања на две им е одобрено, додека на една барањето е одбиено.

| ЛИЧЕН ИМОТ | ДА | НЕ | НЕ ЗНАЕ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Поранешна сопруга / партнерка / старател | 1 | 16 | / | 17 |
| Поранешен сопруг/партнер | 3 | 2 | 12 | 17 |

*ТАБЕЛА 4. Податоци за имот во лична сопственост*

Во *Табела 4* се прикажани податоци во однос на имотната состојба кај поранешните брачни/вонбрачни партнери од кои можеме да заклучиме дека речиси сите, со исклучок на една од анкетираните жени, немаат имот во своја сопственост, додека имотната состојба е непозната за повеќе од половина кај поранешните партнери.

## ЗАКОНСКА ОБВРСКА ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ И ДЕЦА ОД ДРУГИ БРАЧНИ/ ВОНБРАЧНИ ЗАЕДНИЦИ

Со спроведениот прашалник се прибараа податоци за двајцата поранешни партнери во однос на потребата за издржување родители или деца од други брачни заедници. Ова пред сè заради фактот дека при определувањето на издршката, судот ја зема предвид и ваквата потреба и по службена должност внимава со определената издршка да не се загрози нужната егзистенција на живот на давателот на издршката и членовите на неговото семејство.

| ПОТРЕБА ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ ДРУГИ ДЕЦА | ПОРАНЕШНА СОПРУГА / ПАРТНЕРКА | ПОРАНЕШЕН СОПРУГ / ПАРТНЕР |
|---|---|---|
| Има | 3 | 2 |
| Нема | 14 | 10 |
| Не знае | / | 5 |
| ВКУПНО | 17 | 17 |

*ТАБЕЛА 5. Потреба за издржување деца од други вонбрачни /брачни заедници*

Од добиените збирни податоци прикажани во *Табела 5*, можеме да заклучиме дека повеќето од поранешните партнери немаат потреба за издржување други деца, додека кај останатите е утврдено само кај три од анкетираните жени и кај двајца од поранешните партнери, додека за петмина ваквата потреба е непозната.

# БАРАЊЕ ИЗДРШКА ЗА ДЕЦА ВО СУДСКА ПОСТАПКА

Издршката формално-правно се бара од заинтересирано лице со тужба во судска постапка а како заинтересирано лице може да бидат двајцата родители, а почесто родителот со кого малолетните деца живеат, како и центарот за социјална работа во име на малолетното дете, кога родителот кај кого се наоѓа детето на чување и воспитување, без оправдани причини, не го користи тоа право. Во тужбеното барање се наведуваат податоци за децата за кои од судот се бара да ја одобри издршката.

| БАРАНА ИЗДРШКА ПО БРОЈ НА ДЕЦА | БРОЈ НА БАРАНИ ИЗДРШКИ | ВКУПЕН БРОЈ НА ДЕЦА |
|---|---|---|
| За едно | 8 | 8 |
| За две | 5 | 10 |
| За три | 4 | 12 |
| ВКУПНО | 17 | 30 |

*ТАБЕЛА 6. Податоци за барани издршки според број на деца*

Во табела 6 се прикажани податоци за бројот на деца за кои во судска постапка е барана издршка. Оттука можеме да заклучиме дека бараната издршка е најбројна за едно дете, односно вкупно 8, за по две деца се 5 барани издршки и 4 се за по три деца. Според прикажаните податоци можеме да заклучиме дека најголемиот број од децата имаат браќа или сестри за кои заедно се бара издршка. Судскатата практика покажува дека определената издршка за деца, без разлика на бројот на децата за кои истовремено се одлучува, за сите деца заедно не треба да ја загрози нужната егзистенција на животот на давателот на издршката и членовите на неговото семејство, односно најчесто се определува околу 35 % од приходите на родителот со кого децата не живеат.

| ВОЗРАСТ КАЈ ДЕЦАТА | ПРВОРОДЕНО | ВТОРОРОДЕНО | ТРЕТОРОДЕНО |
|---|---|---|---|
| 2 години | 1 | / | |
| 3 години | | 1 | |
| 4 години | 1 | / | |
| 5 години | 1 | 1 | |
| 6 години | 3 | / | 1 |
| 7 години | 1 | / | |
| 9 години | 2 | 1 | 1 |
| 10 години | 2 | 2 | 1 |
| 11 години | 2 | / | 1 |
| 13 години | 1 | / | |
| 14 години | / | 2 | |
| 15 години | 1 | / | |
| 16 години | 1 | | |
| 18 години | / | 1 | |
| 19 години | / | 1 | |
| 20 години | 1 | | |
| 21 години | 1 | | |
| ВКУПНО | 17 | 9 | 4 |

*ТАБЕЛА 7. Податоци за возраста на децата*

Во *Табела 7* се прикажани податоци за возраста на децата, кои согласно со законските одредби имаат право да бидат издржувани од своите родители од моментот на раѓањето па сè до стапување на полнолетството со можност да продолжи издршката, доколку децата го продолжат своето редовно школување, но не подоцна од навршување на 26 години.

# ОДОБРУВАЊЕ ИЗДРШКА ВО СУДСКИ ПОСТАПКИ

Подносителот на тужбеното барање има законска можност бараната издршка да ја определи во пари или проценти од вкупните лични приходи на тужениот, односно од другиот родител. Секоја иницирана постапка нужно не значи и спор за издршката, односно судската постапка може да се иницира по претходно постигната родителска спогодба во однос на висината на издршката за секое дете посебно, односно за сите деца заедно. Во вакви ситуации, практиката покажува дека судот ја одобрува определената издршка само доколку таа не ја загрозува егзистенцијата на живот на тужениот како давател на издршка во иднина. Во ситуација на спор на родителите околу издржувањето, судот ја зема предвид возраста на детето, потребите за школување, ги утврдува финансиските можности на родителот кој има обврска да дава издржување, како и обврските по основ на издржувањето спрема родители и деца од други брачни заедници.

| Ред. број | ПРВОРОДЕНО | | | | ВТОРОРОДЕНО | | | | ТРЕТОРОДЕНО | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | пол | возраст | барана | одобрена | пол | возраст | барана | одобрена | gender | age | requested | approved | |
| 1. | Ж | 10 | 15% | 15% | Ж | 9 | 15% | 15% | | | | | 2 |
| 2. | М | 9 | 5,000 | 5,000 | Ж | 3 | 0 | 0 | | | | | 2 |
| 3. | М | 4 | 5,000 | 5,000 | | | | | | | | | 1 |
| 4. | М | 4 | 4,000 | 4,000 | | | | | | | | | 1 |
| 5. | Ж | 11 | 6,000 | 6,000 | Ж | 5 | 6,000 | 6,000 | | | | | 2 |
| 6. | Ж | 20 | 3,000 | 3,000 | М | 18 | 3,000 | 3,000 | | | | | 2 |
| 7. | М | 16 | 3,000 | 3,000 | Ж | 14 | 3,000 | 3,000 | Ж | 9 | 3,000 | 3,000 | 3 |

*ТАБЕЛА 8. Број на деца за кои е побарана и одобрена издршка*

| Ред. број | ПРВОРОДЕНО | | | | ВТОРОРОДЕНО | | | | ТРЕТОРОДЕНО | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | пол | возраст | барана | одобрена | пол | возраст | барана | одобрена | gender | age | requested | approved | |
| 1. | М | 10 | 5,000 | 3,000 | | | | | | | | | 3,000 |
| 2. | Ж | 3 | 30% | 10% | | | | | | | | | 10% |
| 3. | Ж | 2 | 7,000 | 4,500 | | | | | | | | | 4,500 |
| 4. | М | 10 | 35% | 20% | | | | | | | | | 20% |
| 5. | Ж | 4 | 5,000 | 4,000 | | | | | | | | | 4,000 |
| 6. | Ж | 7 | 6,000 | 3,000 | | | | | | | | | 3,000 |
| 7. | Ж | 21 | 7,000 | 5,000 | Ж | 19 | 6,000 | 5,000 | М | 11 | 4,000 | 3,500 | 13,500 |
| 8. | Ж | 13 | 3,500 | 2,000 | М | 10 | 3,500 | 2,000 | М | 10 | 3,500 | 2,000 | 6,000 |
| 9. | Ж | 11 | 2,000 | 1,000 | Ж | 9 | 2,000 | 1,000 | М | 6 | 2,000 | 1,000 | 3,000 |
| 10. | М | 15 | 6,000 | 3,000 | М | 14 | 6,000 | 3,000 | | | | | 6,000 |

*ТАБЕЛА 9. Број на деца за кои бараната издршка не е одобрена и таа е намалена*

Генералниот заклучок е дека и кај одобрените и неодобрените барања за издршки, судската одлука е определена во пари или проценти согласно со барањата од поносителите, додека, пак, износот на издршката не е во зависност од полот, возраста и вкупниот број на деца заедно, односно судот определил ист износ на издршка за деца од различна возраст.

| ДАЛИ СТЕ ЗАДОВОЛНИ ОД ДОСУДЕНАТА ИЗДРШКА? | БРОЈ |
|---|---|
| ДА | 3 |
| НЕ | 1 |
| НЕ СУМ ПОТПОЛНО ЗАДОВОЛНА | 9 |
| НЕ МОЖАМ ДА ОДРЕДАМ | 4 |
| **ВКУПНО** | **17** |

*ТАБЕЛА 10. Задоволност од издршката*

Од добиените збирни податоци во ***Табела 10,*** можеме да заклучиме дека најголем дел од анкетираните не се потполно задоволни од судската одлука, а како причина се наведени фактите дека судот не ги земал предвид дополнителните приходи на поранешниот сопруг/партнер и дека издршката не ги задоволува потребите на децата.

## МЕНУВАЊЕ НА ЕДНАШ ОПРЕДЕЛЕНАТА ИЗДРШКА

Судски определената издршка не е трајна и предвидена е законска можност за нејзино зголемување или намалување, доколку настанале променети околности за тоа. Вака предвидената законска можност за промена на досудената издршка и тоа само по еднаш, ја искористиле само три од испитаничките, а секоја од нив како околност за промена на издршката ги навела зголемените трошоци за потребите на децата, од една страна, и зголемените приходи на поранешниот сопруг, од друга страна. Податоците се прикажани во ***Табела 11***.

| ПРВОРОДЕНО | | | ВТОРОРОДЕНО | | |
|---|---|---|---|---|---|
| барана | одобрена | баранаа | барана | одобрена | баранаа |
| 15% | 15% | 5,000 | | 15% | 5,000 |
| 35% | 20% | 35% | / | / | / |
| 6,000 | 3,000 | 6,000 | 6,000 | 3,000 | 6,000 |

*ТАБЕЛА 11. Барање за промена на издршката*

## ИЗДРШКАТА Е ЗАДОЛЖИТЕЛНА

Пропишаните законски норми го обврзуваат родителот, односно родителот има обврска за задолжително редовно и навремено плаќање на издршката. Обврската за плаќање издршка е од денот кога судската одлука станала правосилна и извршна, додека пак стасаните а неисплатени обврски по основ на издршка не застаруваат и тие може да се побаруваат сè додека трае родителското право.

| | ЗАСТАПЕНИ ПЕРИОДИ НА ДОБИВАЊЕ | БРОЈ/ПРОЦЕНТ |
|---|---|---|
| 1. | По една година | 5 |
| 2. | Не се сеќава | 4 |
| 3. | По шест месеци | 1 |
| 4. | По три месеци | 2 |
| 5. | По два месеци | 4 |
| | ВКУПНО | 16+1*=17 |

*ТАБЕЛА 12. Прва добиена издршка по разделбата со поранешниот сопруг/партнер*

Од добиените збирни податоци од истражувањето прикажани во табела 12, можеме да заклучиме дека анкетираните жени првата издршка од поранешниот сопруг/партнер ја добиле за најкраток период од два месеца па сè дури и по една година од разделбата, додека една од анкетираните нема добиено ниту една издршка за дете. Најбројни се анкетираните кои првата издршка ја добиле во период од една година, односно вкупно 5, со тоа што за првата добиена издршка не се сеќаваат вкупно 4 од анкетираните. Со цел да се утврдат причините што влијаат врз добивањето на првата издршка, направени се вкрстени податоци со работниот статус, личните приходи и потребата за издржување деца од други вонбрачни/брачни заедници.

| РАБОТЕН СТАТУС НА ПОРАНЕШЕН ПАРТНЕР ПО РАЗВОД | КОГА ЈА ДОБИВТЕ ПРВАТА ДОБИЕНА ИЗДРШКА? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | По два месеци | По три месеци | По шест месеци | По една година | Не се сеќавам | ВКУПНО |
| Вработен | 3 | 2 | 1 | 3 | 2 | 1 |
| Не знам | 1 | / | / | 1 | / | / |
| Невработен | / | / | / | / | / | / |
| ВКУПНО | 4 | 2 | 1 | 4 | 2 | 1 |

*ТАБЕЛА 12.1. Прваша добиена издршка во однос на рабошниош сшашус*

| ЛИЧЕН ПРИХОД НА ПОРАНЕШНИОТ СОПРУГ | По два месеци | По три месеци | По шест месеци | По една година | Не се сеќавам | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7,501 - 15,000 | | | | 1 | | 1 |
| 15,001 - 30,000 | | 2 | 1 | 1 | | 4 |
| 30,001 - 45,000 | 1 | | | | 1 | 2 |
| 45,001 - 60,000 | | | | 1 | | 1 |
| Повеќе од 60 001 | 1 | | | | 1 | 2 |
| Не знам | 2 | | | 2 | 2 | 6 |
| ВКУПНО | 4 | 2 | 1 | 5 | 4 | 16+1*=17 |

*ТАБЕЛА 12.2. Прваша добиена издршка во однос на износ на нешо-личен доход*

| ДЕЦА ОД ДРУГИ БРАКОВИ НА ПОРАНЕШНИОТ ПАРТНЕР | По два месеци | По три месеци | По шест месеци | По една година | Не се сеќавам | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Не | 2 | 1 | 0 | 3 | 3 | 9 |
| Не знам | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 5 |
| ВКУПНО | 4 | 2 | 1 | 5 | 4 | 16+1 |

*TABLE 12.3. Прваша добиена издршка во однос на йошребаша за издршка на други деца*

Врз основа на вкрстените податоци произлегува заклучокот дека работниот статус, личните приходи и обврската за издржување деца од други брачни заедници не се од влијание за времето кога е добиена првата издршка.

Од истражувањето се добиени збирни податоци и во однос на редовноста во плаќањето издршка врз основа на што утврдивме дека дури повеќе од половината од анкетираните жени, односно 12, издршката не ја добиваат редовно.

| | ЗАСТАПЕНИ ПЕРИОДИ НА ДОБИВАЊЕ | БРОЈ / ПРОЦЕНТ |
|---|---|---|
| 1. | Не плаќа | 2 |
| 2. | Еднаш годишно | 2 |
| 3. | По неколку месеци | 3 |
| 4. | По 2 - 3 месеци | 3 |
| 5. | По 2 месеци | 2 |
| | ВКУПНО | 12 |

*ТАБЕЛА 13. Нередовност во добивање издршка*

Во *Табела 13* се прикажани податоци за вкупно 12 испитанички кои издршката ја добиваат нередовно, и од вака добиените податоци можеме да утврдиме дека дури и да ги исклучиме двете испитанички кај кои поранешниот сопруг / партнер не плаќа издршка воопшто, преостанатите 10 испитанички издршката не ја добиваат редовно, со тоа што најдолгиот период на задоцнување е од по само еднаш годишно, а најкраток период на доцнење е за по два месеци.

Во анализата се вкрстени податоците за редовноста на издршката со податоците за работниот статус, личните приходи и обврската за издржување деца од други вонбрачни/брачни заедници.

| РАБОТЕН СТАТУС НА ПОРАНЕШЕН ПАРТНЕР ПО РАЗВОД | Еднаш годишно | Не добива | Не плаќа | По два или три месеци | По два месеци | По неколку месеци | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вработен | 2 | 1 | 0 | 3 | 2 | 2 | 10 (83.30%) |
| Не знам | | | | | | 1 | 1 (8.30%) |
| Невработен | | | 1 | | | | 1 (8.30%) |
| ВКУПНО | 2 | 1 | 1 | 3 | 2 | 3 | 12 |

*ТАБЕЛА 13.1. Редовноста на издршката со работниот статус*

| ЛИЧЕН ПРИХОД НА ПОРАНЕШНИОТ СОПРУГ | Еднаш годишно | Не добива | Не плаќа | По два или три месеци | По два месеци | По неколку месеци | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 001 - 30 000 | | | | 1 | 1 | 1 | 3 |
| 30001 - 45 000 | | | | | | 1 | 1 |
| Повеќе од 60 001 | 1 | | | 1 | | | 2 |
| Без лични приходи | | 1 | | | | | 1 |
| Не знам | 1 | | 1 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| ВКУПНО | 2 | 1 | 1 | 3 | 2 | 3 | 12 |

*ТАБЕЛА 13.2. Редовноста на издршката со личните приходи*

| ДЕЦА ОД ДРУГИ БРАКОВИ НА ПОРАНЕШНИОТ ПАРТНЕР | Еднаш годишно | Не добива | Не плаќа | По два или три месеци | По два месеци | По неколку месеци | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 1 | | | | | | 1 |
| Не | 1 | 1 | | 2 | 1 | 2 | 7 |
| Не знам | | | 1 | | 2 | 1 | 4 |
| ВКУПНО | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 12 |

*ТАБЕЛА 13.3. Редовност на издршката со обврска за издржување други деца*

Од вкрстените податоци произлегува заклучокот дека редовноста на издршката не е во зависност од работниот статус, личните приходи и потребата за издржување деца од други брачни заедници, односно редовноста во давањето издршка е во пократки временски периоди кај оние со пониски лични приходи и со обврска за издржување други деца, за разлика од оние со повисоки лични приходи и без потреба за издржување деца од други брачни заедници.

| ПРВАТА ИЗДРШКА ПО РАЗВОД | Еднаш годишно | Не добива | Не плаќа | По два или три месеци | По два месеци | По неколку месеци | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| По два месеци | 1 | | | | | 1 | 2 |
| По три месеци | | | | | 1 | | 1 |
| По шест месеци | | | | | | 1 | 1 |
| По една година | | | | 2 | 1 | | 3 |
| Не се сеќавам | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 5 |
| ВКУПНО | 2 | 1 | 1 | 3 | 2 | 3 | 12 |

*ТАБЕЛА 14. Редовност на издршката во однос на првата добиена издршка*

Со вкрстување на податоците за првата добиена издршка со податоците за нејзината редовност, можеме да посочиме дека редовноста на издршката не зависи од првата добиена издршка, односно како на пример, првата издршка добена по период од една година во иднина продолжила да се добива по период од два или три месеци.

Генералниот заклучок е дека постојат повеќе причини покрај претходно наведените кои влијаат врз издршката, односно тоа е комплексно прашање кое е индивидуално определено и различно и за секој случај е посебно.

## МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ПРЕД И ПО РАЗВОДОТ ИЛИ РАЗДЕЛБАТА

Со истражувањето прибравме податоци и во однос на условите за живот пред и по разводот / разделбата со цел да ги утврдиме нивните промени.

| ПРЕД РАЗВОД / РАЗДЕЛБА | | | | | ПО РАЗВОД / РАЗДЕЛБА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КУЌА / СТАН | соби | кревет | член | КУЌА / СТАН | соби | кревет | член | ВКУПНО |
| 1. НН | Стан / 40m² | 2 | 3 | 2 | Куќа / 50m² | 3 | 3 | 3 | 7,501 - 15,000 |
| 2. ХН | Куќа / 100m² | 4 | 6 | 8 | Куќа / 80m² | 3 | 3 | 4 | 15,001 - 30,000 |
| 3. ИС | Стан / 70m² | 3 | 3 | 2 | Куќа / 100m² | 3 | 3 | 3 | 30,001 - 45,000 |
| 4. АМ | Стан / 56m² | 3 | 3 | 3 | Стан / 34m² | 2 | 2 | 1 | 7,501 - 15,000 |
| 5. НВ | Куќа / 70m² | 3 | 4 | 4 | Стан / 57m² | 3 | 4 | 3 | 15,001 - 30,000 |
| 6. СД | Куќа / 50m² | 3 | 2 | 3 | Куќа / 30m² | 1 | 2 | 2 | 15,001 - 30,000 |
| 7. АБ | Куќа / 40m² | 2 | 2 | 4 | Куќа / 45m² | 3 | 3 | 5 | 15,001 - 30,000 |
| 8. ЛМ | Стан / 80m² | 3 | 3 | 4 | Стан / 50m² | 2 | 3 | 3 | 7,501 - 15,000 |
| 9. АЈ | Куќа / 200m² | 8 | 6 | 7 | Куќа / 45m² | 2 | 3 | 5 | 15,001 - 30,000 |
| 10. РБ | Стан / 65m² | 2 | 3 | 2 | Стан / 65m² | 2 | 3 | 1 | 45,001 - 60,000 |
| 11. МС | Стан / 35m² | 2 | 3 | 3 | Стан / 30m² | 2 | 3 | 2 | 7,501 - 15,000 |
| 12. СП | Куќа / 150m² | 4 | 4 | 3 | Куќа / 60m² | 3 | 3 | 2 | 7,501 - 15,000 |
| 13. ДК | Куќа / 26m² | 2 | 2 | 4 | Куќа / 60m² | 3 | 5 | 4 | 15,001 - 30,000 |
| 14. НЦ | Куќа / 200m² | 6 | 5 | 3 | Куќа / 50m² | 3 | 3 | 2 | 15,001 - 30,000 |
| 15. ЛК | Куќа / 50m² | 3 | 3 | 4 | Стан / 60m² | 3 | 3 | 3 | 15,001 - 30,000 |
| 16. НС | Куќа / 50m² | 3 | 6 | 6 | Стан / 50m² | 2 | 3 | 2 | 15,001 - 30,000 |
| 17. ЉТ | Куќа / 60m² | 3 | 4 | 4 | Куќа / 50m² | 3 | 4 | 4 | 15,001 - 30,000 |
| ВКУПНО | | | | | | | | | |

*ТАБЕЛА 15. Просторни услови за живот пред и по разделбата според бројот на членови*

Од обработените податоци прикажани во табела 15, можеме да утврдиме дека по разводот/разделбата кај семјствата, вкупно 6 анкетирани жени имаат подобри просторни услови за живот со обезбедени одделни соби и одделни кревети за секој член во семејството, додека, пак, намалени просторни услови по разделбата се утврдени кај 3 од анкетирани жени и тоа за една испитаничка со 5-члено семејство нема услови во куќа од 45 м$^2$ со само 2 одделни соби и 3 кревети, потоа за испитаничка со 3-члено семејство има намалени услови во стан од 50 м$^2$ со 2 одделни соби и 3 кревети и за една испитаничка по разделбата со 2 члена има намалени услови во куќа со 30 м$^2$ со по една одделна соба и 2 одделни кревети.

Кај останатите семејства на анкетираните жени просторните услови според број на членови, одделни соби и кревети, пред и по разделбата се исти или приближно непроменети.

Генералниот заклучок е дека повеќе од половината, односно 14 (82,35 %), располагаат со просторни услови за живеење за себе и за своите деца во смисла дека секој член од семејството располага со одделна соба и одделен кревет како можност секој член од семејството да има посебен интимен простор. Со оваа анализа посочуваме дека со прибраните податоци од истражувањето утврдиме само располагање со просторни услови, додека за квалитет и минимален утврден стандард за живот е потребно дополнително истражување со нови податоци, како што е пристапот до вода, струја и слично. Исто така, посочуваме на фактот дека само една од вкупно анкетираните жени има сопствен имот, односно на свое лично име, додека останатите, кои се старатели на децата, станбеното прашање го решиле само времено како стан под кирија или пак времено се згрижени во домот на своите родители. Имајќи ги предвид податоците за невработеноста кај анкетираните од кои 7 (41, 20 %) и кај 6 (35,30 %) се со приходи до 15 000 денари, можеме да заклучиме дека повеќе од половината немаат можност сами да го решат станбеното прашање за себе и за своите деца. Дополнително дискутабилно прашање е колку при определувањето на издршка судот ја зема предвид потребата од соодветни просторни услови за децата од причина што родителите на анкетираните жени, односно бабите и дедовците се само солидарни учесници во помош и поддршка и немаат законска обврска пред родителот со кого децата не живеат.

## ОСНОВНИ ПОТРЕБИ НА ДЕЦАТА И МЕСЕЧНИ ТРОШОЦИ

Во ***Табела 16*** се евидентирани сите видови трошоци за секое дете посебно по разводот/разделбата од вкупно 30 деца на анкетираните жени. Во оваа тебела се прикажани обработените податоци со пресметаните вкупни и редовни месечни трошоци за децата, со податоци за судски определената издршка и лични приходи на анкетираните жени. Ова е важно, пред сè поради главниот фокус на анализата, односно да се утврдат реалните трошоци на децата во однос на износот на издршката што е определен со судска одлука.

Според табеларниот приказ, можеме да утврдиме дека едукативен трошок за деца по разводот/разделбата е утврден кај вкупно 16 од 17 анкетирани, и е во износ од 1 000 па сè до 4 000 денари по дете за секој месец. За второ дете трошоци имале сите 9, со износ од 1 000 до најмногу 3 000 денари, додека пак за трето дете имале три од вкупно 4 со месечен износ од 500 денари до најголем износ од 2 000 денари по дете.

Рекреативни трошоци по разделбата имале 25 од вкупно 30 деца и тоа кај сите првородени деца, односно вкупно 17 со износи од најмалку 500 до најмногу 3 000 денари по дете месечно, додека за второ дете трошоци имале 6 од 9 испитанички со износи од 500 до најмногу 1 000 денари и за трето дете имале 2 од 4 испитанички со износ од 1 000 денари секој месец. Врз основа на збирно добиените податоци, можеме да заклучиме дека за останатите 5 деца од вкупниот број нема рекреативни трошоци за кои анкетираните се изјаснија дека немале финансиски можности за задоволување на таквите потреби и тоа особено кај оние со по две и три деца.

Здравствени трошоци за хронично болно дете имала само една анакетирана жена и тоа за прво дете во износ од 5 000 денари месечно.

Редовни месечни трошоци за лекови имале сите 30 деца и тоа кај сите први деца со износи од 500 до 3 000 денари месечно, за второ дете трошоците се во износ од 200 до 500 денари и за трето дете износите се од 200 до 500 денари за месец.

Месечни трошоци за облека имале сите деца и тоа за првородени деца со износи од 2 000 до 5 000 денари, за второ дете со износи од 500 до 2 000 денари и за трето дете со износи од 1 000 до 3 000 денари.

Како посебни останати трошоци имале вкупно 22 деца пред разделбата и тоа кај 12 од 17 анкетирани жени за прво дете со износи од 500 до 4 000 денари, за второ дете трошоци имале 6 од 9 со износи од 500 до 2 000 денари месечно и за трето дете имале трошоци сите 4 со износи од 500 до 1 700 денари секој месец.

| Ред. број | ПРВО ДЕТЕ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Едукација | Рекреација | Здравје | Останато | Лекови | Облека | Едукација | Рекреација |
| 1. | 3,000 | 3,000 | | 1,000 | 1,000 | 3,000 | | |
| 2. | 3,000 | 1,000 | | 1,000 | 500 | 2,000 | 2,000 | 1,000 |
| 3. | / | 2,000 | | 4,000 | 1,000 | 5,000 | | |
| 4. | 1,000 | 500 | | 3,000 | 1,000 | 2,000 | | |
| 5. | 4,000 | 2,000 | | 2,000 | 500 | 2,000 | 3,000 | 1,000 |
| 6. | 1,000 | 500 | 5,000 | 1,000 | 500 | 1,000 | / | 500 |
| 7. | 3,000 | 1,000 | | 500 | 500 | 2,000 | 2,000 | 1,000 |
| 8. | 1,000 | 1,000 | | | 3,000 | 2,000 | | |
| 9. | 1,000 | 1,000 | | 1,000 | 1,000 | 2,000 | | |
| 10. | 3,000 | 3,000 | | | 1,000 | 5,000 | | |
| 11. | 2,000 | 00 | | | 300 | 1,000 | 1,000 | 00 |
| 12. | 3,000 | 500 | | | 500 | 2,000 | 1,000 | 500 |
| 13. | 2,000 | 00 | | 500 | 500 | 1,000 | 2,000 | 00 |
| 14. | 1,000 | 1,000 | | 1,000 | 500 | 2,000 | | |
| 15. | 2,000 | 1,000 | | 2,000 | 1,000 | 1,000 | | |
| 16. | 3,000 | 1,000 | | 00 | 500 | 1,000 | 2,000 | 1,000 |
| 17. | 1,000 | 00 | | 2,000 | 200 | 1,000 | 1,000 | 00 |
| Вкупен бр. на деца | 16(17) | 14(17) | | 12(17)12 | | 17(17) | 9(9) | 6(9) |
| Вкупен износ | **34,000** | **18,500** | | **19,000** | | **34,000** | **14,000** | **5,000** |

Со оваа анализа беа обработени вкупните трошоци за децата и тоа поединечно за секоја анкетирана жена според бројот на децата и вака добиениот податок е споређен со одобрената судска издршка и вкупните приходи на сите членови во домаќинството на анкетираните жени, вклучувајќи и приходи по основ на социјална помош и родителски додаток за трето дете. Вкрстените податоци се прикажани во *Табела 16* со тоа што кај 3 од анкетираните испитанички одобрената издршка е определена во процент и таа е променлива во зависност од месечните лични нето-приходи на поранешниот партнер, па затоа нема можност за споредување со вкупните трошоци за децата. Кај преостанатите 14, кај кои издршката е определена во паричен износ, кај дури 10 од нив е утврдено дека вкупните трошоци за децата го надминуваат износот на одобрената издршка, а кај 5 вкупните трошоци за децата се повисоки за два-три пати повеќе од одобрената судска издршка, притоа не засметувајќи ги останатите трошоци за издржување на семејството, како што се храна, кирија, комунални сметки и друго.

## РЕДОВНИ МЕСЕЧНИ ТРОШОЦИ ЗА СЕМЕЈСТВОТО

Со спроведениот прашалник се прибрани податоци и во однос на месечните трошоци на семејството по разделбата, како што се трошоци за храна, кирија, режиски и други трошоци потребни за издржување на семејството. Според обработените податоци прикажани во *Табела 17,* евидентирани поединечно за секоја од анкетираните жени со вкупен број на членови во семејство, утврдивме дека месечните трошоци за храна се во износ од 4 000 до најмногу 20 000 денари за вкупниот број на членови во семејството, трошок за кирија на стан или станбен кредит имале 6 од 17 анкетирани жени во износ од 3 000 до 12 000 денари месечно, додека останатите 10 се изјасниле дека немаат ваков трошок по разделбата и времено се сместени во домот на нивните родители, а само една има сопствен стан. Режиските трошоци се во износ од најмалку 2 000 па до 10 000 денари, како сметки за вода, струја и сл. Останати трошоци за одржување на домот имале сите, со исклучок на една анкетирана со износи од 1 000 до 3 000 денари месечно.

| ВТОРО ДЕТЕ | | | | ТРЕТО ДЕТЕ | | | | | | ВКУПНИ ТРОШОЦИ | ВКУПНИ ПРИХОДИ | ИЗДРШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Здравје | Останато | Лекови | Облека | Едукација | Рекреација | Здравје | Останато | Лекови | Облека | | | |
| | | | | | | | | | | 11,000 | 7,501-15,000 | 3,000 |
| | 500 | 500 | 2,000 | | | | | | | 13.500 | 15,001-30,000 | 15%+15% =30% |
| | | | | | | | | | | 12,000 | 30,001-45,000 | 10% |
| | | | | | | | | | | 7,500 | 7,501-15,000 | 4,500 |
| | 500 | 500 | 2,000 | 2,000 | 1,000 | 500 | 500 | 500 | 3,000 | 24,500 | 15,001-30,000 | 13,500 |
| / | 1,200 | 500 | 500 | 00 | | | | | | 7,200 | 15,001-30,000 | 5,000 (за второ нема издршка) |
| | 500 | 500 | 2,000 | 00 | 1,000 | 500 | 1,500 | 500 | 1,000 | 17,000 | 15,001-30,000 | 3,000 |
| | | | | | | | | | | 7,000 | 7,501-15,000 | 5,000 |
| | | | | | | | | | | 6,000 | 15,001-30,000 | 4,000 |
| | | | | | | | | | | 12,000 | 45,001-60,000 | 20% |
| | | 300 | 1,000 | | | | | | | 5,600 | 7,501-15,000 | 6,000 |
| | | 500 | 1,000 | | | | | | | 9,000 | 7,501-15,000 | 12,000 |
| | 1,700 | 500 | 2,000 | 2,000 | 00 | 500 | 1,700 | 500 | 2,000 | 16,400 | 15,001-30,000 | 6,000 |
| | | | | | | | | | | 5,500 | 15,001-30,000 | 4,000 |
| | | | | | | | | | | 7,000 | 15,001-30,000 | 3,000 |
| | 00 | 500 | 1,000 | | | | | | | 10,000 | 15,001-30,000 | 6,000 |
| | 2,000 | 200 | 1,000 | 500 | 00 | 200 | 1,000 | 200 | 1,000 | 10,600 | 15,001-30,000 | 9,000 |
| | 6(9) | 9(9) | 9(9) | 3(9) | 2(4) | 4(4) | 4(4) | 4(4) | 4(4) | | | |
| | **6,400** | **4,000** | **12,500** | **4,500** | **2,000** | **1,700** | **4,700** | **1,700** | **6,000** | **163,300** | | |

| БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО | Храна | Кирија / станбен кредит | Режиски трошоци | Останати трошоци | Вкупно трошоци |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 7,000 | 00 | 5,000 | 3,000 | 15,000 |
| 4 | 15,000 | 00 | 10,000 | 2,000 | 27,000 |
| 3 | 13,000 | 00 | 8,000 | 3,000 | 24,000 |
| 1 | 4,000 | 6,000 | 5,000 | 2,000 | 17,000 |
| 3 | 10,000 | 11,200 | 6,000 | 2,000 | 29,200 |
| 2 | 6,000 | 3,000 | 2,000 | 1,000 | 12,000 |
| 5 | 10,000 | 00 | 6,000 | 1,500 | 17,500 |
| 3 | 10,000 | 00 | 8,000 | 2,000 | 20,000 |
| 5 | 15,000 | 00 | 7,000 | 2,000 | 24,000 |
| 1 | 20,000 | 00 | 10,000 | 1,000 | 31,000 |
| 2 | 6,000 | 00 | 5,000 | 00 | 11,000 |
| 2 | 10,000 | 6,000 | 3,000 | 1,000 | 20,000 |
| 4 | 15,000 | 00 | 6,000 | 1,000 | 22,000 |
| 2 | 6,000 | 00 | 3,000 | 1,000 | 10,000 |
| 3 | 8,000 | 9,000 | 5,000 | 1,000 | 23,000 |
| 2 | 6,000 | 12,000 | 5,000 | 1,000 | 24,000 |
| 4 | 7,000 | 00 | 5,000 | 1,000 | 13,000 |
| ВКУПНО | 168,000 | 47,200 | 98,000 | 26,500 | 319,700 |

*ТАБЕЛА 17. Месечни трошоци на семејството по разводот / разделбата*

Според податоците во *Табела 17,* можеме да заклучиме дека анкетираните жени имаат најголеми трошоци за храна, потоа следуваат трошоци за комуналии, а помалку за останати трошоци во семејството. Од оние што имаат трошокот за кирија / станбен кредит, ваквиот вид на трошок следува по трошокот за храна. Исто така можеме да заклучиме дека бројот на членовите во семејството не влијае врз вкупните месечни трошоци, односно ист број на членови имаат вкупни трошоци во различни износи.

Врз основа на добиените збирни податоци за месечните трошоци за децата *(Табела 16)* и редовните месечни трошоци за семејството *(Табела 17)* со анализата се доби збирен податок за вкупните месечни трошоци за семејството, прикажан во *Табела 18.*

| ТРОШОЦИ ЗА ДЕЦА | ТРОШОЦИ ЗА СЕМЕЈСТВО | ВКУПНИ РАСХОДИ ВО СЕМЕЈСТВОТО |
|---|---|---|
| 163,300 | 319,700 | 483,000 |

*ТАБЕЛА 18. Вкупни месечни трошоци на семејството по разделбата*

Според прикажаните податоци, можеме да утврдиме дека само месечните трошоци за децата се 30 % од вкупните расходи во семејството, со тоа што овој износ е поголем со редовните месечни трошоци за семејството.

| Ред. број | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ | ВКУПНИ ТРОШОЦИ | ПРИХОДИ НА СИТЕ ЧЛЕНОВИ |
|---|---|---|---|
| 1 | 3 | 26,000 | 7 501 - 15,000 |
| 2 | 4 | 40,500 | 15,001 - 30,000 |
| 3 | 3 | 36,000 | 30,001 - 45,000 |
| 4 | 1 | 24,500 | 7,501 - 15,000 |
| 5 | 3 | 51,200 | 15,001 - 30,000 |
| 6 | 2 | 23,700 | 15,001 - 30,000 |
| 7 | 5 | 34,500 | 15,001 - 30,000 |
| 8 | 3 | 27,000 | 7,501 - 15,000 |
| 9 | 5 | 30,000 | 15,001 - 30,000 |
| 10 | 1 | 43,000 | 45,001 - 60,000 |
| 11 | 2 | 16,600 | 7,501 - 15,000 |
| 12 | 2 | 29,000 | 7,501 - 15,000 |
| 13 | 4 | 38,400 | 15,001 - 30,000 |
| 14 | 2 | 15,500 | 15,001 - 30,000 |
| 15 | 3 | 30,000 | 15,001 - 30,000 |
| 16 | 2 | 34,000 | 15,001 - 30,000 |
| 17 | 4 | 23,600 | 15,001 - 30,000 |
| ВКУПНО (n=17) | | | |

*ТАБЕЛА 19. Вкупни месечни трошоци во однос на приходите на анкетираните*

Според податоците во *Табела 19,* можеме да утврдиме дека кај половина, односно вкупно 9 од анкетираните, вкупните трошоци се повисоки од вкупните приходи на сите членови во семејството. Дополнително, посочуваме дека 7 од анкетираните се без лични приходи и тие не придонесуваат во вкупните приходи на семејството од каде што се обезбедуваат средства за потребите на децата по разделбата.

# КЛУЧНИ НАОДИ

**Од анализата на прибраните и обработените податоци ги презентираме клучните наоди врз основа на идентификуваните проблеми од утврдената листа на критериуми за определување издршка со препораки за нивно надминување.**

## СУДОТ НЕ УТВРДУВА ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРИХОДИ ВРЗ ОСНОВА НА ДРУГА ДЕЈНОСТ

Со анализата од добиените податоци заклучивме дека во практиката судот при утврдување на финансиските можности кај поранешните партнери, не ги утврдува вкупните, односно дополнителните приходи од друга дејност дури и во ситуација. Исто така, нејасно е дали и како судот го цени и ги вреднува трудот и потрошеното време на родителот кој се грижи и ги чува децата и го засметува во делот на издршката на родителот кој ги чува децата.

***Препорачуваме утврдување на финансиските можности кај поранешните партнери врз основа на вкупните приходи, вклучително и приходи од неформална економија, како и јасно утврден критериум за вреднување на трудот на родителот кому му е доверено старателството на децата.***

## ВОЗРАСТА И БРОЈОТ НА ДЕЦАТА НЕ ВЛИЈААТ ВРЗ СУДСКИ ОПРЕДЕЛЕНИОТ ИЗНОС НА ИЗДРШКАТА

Од добиените податоци можеме да заклучиме дека во практиката не постои утврден критериум за минимален износ на издршка согласно со возраста и бројот на децата и за неа судот не секогаш внимава по службена должност. Генералниот заклучок е дека настојувањето на судот е да се запази издршката да не надмине 30 - 35 % од личните приходи на давателот на издршката независно од бројот и потребите на децата, како и финансиските можности за издршка на родителот кој се грижи за децата.

***Препорачуваме да се утврди критериум со однапред утврдени минимални износи на издршка за деца во зависност од нивната возраст, реални потреби, со цел да се постигне справедливост во делот на висината на издршката за секое дете посебно како можност за изедначување на издршката за децата со крвно сродство.***

## ВИСОК ПРОЦЕНТ НА НЕЗАДОВОЛСТВО ОД ДОНЕСЕНИТЕ СУДСКИ ОДЛУКИ ЗА ИЗДРШКА

Анализата утврди бројно незадоволство од судските одлуки за издршка, односно вкупно кај 12 од 17 анкетирани жени застапени како кај одобрени така и кај неодобрените барања за издршка заради неможност да се задоволат потребите на децата.

***Препорачуваме во иднина судот по службена должност да ја утврдува издршката и во постапки со родителска спогодба со цел ефикасна судска заштита на правата на децата и задоволување на нивните потреби.***

## НЕРЕДОВНА ИЗДРШКА

Со оваа анализа утврдивме дека голем број од анкетираните жени имаат проблем со редовно добивање на издршка за децата независно од финансиските можности, односно обврски за издржување на деца од други брачни заедници.

*Препорачуваме во иднина Владата да изнајде соодветно решение (по примерот на некои земји во регионот) и давањето на издршка за деца да е од посебни фондови основани од државата, која потоа ќе ја побарува издршката од родителот кој има обврска за тоа..*

## ФИНАНСИСКИ МОЖНОСТИ ЗА ИЗДРШКА КАЈ ДВАЈЦАТА ПОРАНЕШНИ ПАРТНЕРИ

Од добиените податоци можеме генерално да заклучиме дека поранешните партнери немаат еднакви финансиски можности за издршка на децата. Од аспект на работниот статус е утврдена поголема невработеност кај жените, односно вкупно 7 (41,20 %), за разлика од невработеноста кај мажите/поранешните партнери со 1 (5,60 %). Од аспект на висината на личниот нето-приход, генералниот заклучок е дека од вработените жени, 6 (60 %) имаат приходи до 15 000,00 денари месечно, за разлика од мажите 10 (62 %), кои имаат месечни лично нето-приходи во износ повеќе од 15 000,00 денари.

*Препорачуваме во иднина Владата да изнајде ефикасни мерки за вработување за законските застапници на децата со посебен акцент на жените како старатели на деца, а се со цел да се изедначат финансиските можности за издршка кај двајцата партнери / родители.*

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

*Оваа анализа е дел од активностите предвидени со Програмата за работа на ЕСЕ за 2020 година, кофинансирана од Европската Унија и ФООМ.*

*Содржината на овој документ не ги одразува ставовите на ЕУ и ФООМ и за неа целосно е одговорно Здружението ЕСЕ.*